**БАРАЊЕ 23-3270**

1. Предлог буџет за 2024 година.
   Доколку е објавен на Вашата веб страна или Службен гласник, Ве молиме примарно да ни доставите линк од истиот, во спротивно да ни го доставите во електронска форма.

2. Дали граѓаните редовно присуствуваат на седниците на општинскиот Совет?
   Дали седниците се отворени или граѓаните треба претходно да се пријават за присуство?

3. На кој начин општината ги информира граѓаните за јавните расправи или седници на Советот на кои можат да присуствуваат?

4. Дали Извршната власт организирала јавна расправа по основ на Завршна сметка на општината за 2023 година?

5. Доколку да, дали на седниците на Советот при изгласување на Завршната сметка имало присутни граѓани?

**ОДГОВОР 23-3270**

1. Предлог Буџетот за 2024 година кој се носи на усвојување од страна на Совет на општината не е објавен на веб страната, но Ви го праќам во прилог.
   Буџетот за 2024 година е објавен на веб страната на општината на следниот линк https://kavadarci.gov.mk/finansii/budet-na-opstina-kavadarci-za-2024-godina

2. Граѓаните не присуствуваат редовно на седниците , но можат да присуствуваат на седниците на Совет со претходно доставено барање за нивно присуство до Претседателот на Совет, кое се разгледува и доколку се усвои граѓаните се известуваат за нивното присуство со лична покана.
   Седниците на Совет се отворени и јавни, се емитуваат во живо.
   Видео седниците се објавени на следниот линк https://www.youtube.com/channel/UCKXdl8ASOn-FY2T5M7EbCHA

3. Граѓаните се информираат преку јавните гласила и јавните медиуми, преку соопштенија и објави на веб страната на Општина Кавадарци, соопштенија и известувања на Огласната табла на општината и доколку граѓаните поднеле претходно барање за присуство за седница на Совет, се информираат со лична покана.

4. Да, организирана е јавна расправа од страна на извршната власт по основ на Завршна сметка на општината за 2023 година.

5. На седницата на Совет при изгласување на Завршна сметка не присуствувале граѓани, но Седниците на Совет се јавни и транспарентни за сите граѓани, односно граѓаните можат преку директен пренос да ги следат во живо или во делот Видео седници на следниот линк да ги следат подоцна. https://www.youtube.com/channel/UCKXdl8ASOn-FY2T5M7EbCHA

**Прилог:** Предлог буџет за 2024 година